Врз основа на член 384 и 387 од Законот за трговските друштва, и член 60 од Статутот на Друштвото за трговија, услуги и консалтинг ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА а.д. - Струмица, Одборот на директори на друштвото о б ј а в у в а

# ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Друштвото за трговија, услуги и консалтинг ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА а.д.-Струмица, со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 50 во Струмица на ден 27.05.2021 год. со пчеток во 11 часот ќе одржи ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ во просториите на друштвото на ул. Гоце Делчев бр. 50 во Струмица со следниот

**ДНЕВЕН РЕД :**

**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**

1. Отварање на собранието
2. Избор на работни тела на собранието
   - избор на Претседавач на собранието
   - избор на бројач на гласови
   - избор на записничар

**II. РАБОТЕН ДЕЛ ДЕЛ:**

1. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на друштвото за период од 2020 година.
2. Разгледување и усвојување на годишната сметка на друштвото за период од 01.01.- 31.12.2020 година.
3. Донесување на Одлука за покривање на искажаната загуба.
4. Одобрување на ревидираниот финансиски извештај за работењето на друштвото за период од 01.01.- 31.12.2020 година.
5. Одобрување на работата и на водењето со работењето на друштвото на членовите на Одборот на директори на друштвото.
6. Донесување на Одлука за преадаптација и пренамена на деловни објекти на друштвото.
7. Донесување на Одлука за задолжување на друштвото со кредит со ставање на имот под хипотека.
8. Донесување Одлука за отуѓување на имот и Одлука за купување имот.
9. Донесување Одлука за декотизација на македонската берза кога за тоа ќе се створат услови.
10. Донесување Одлука за преобразба на друштвото од акционерско друштво во друштво со ограничена одговорност.
11. Донесување на Одлука за назначување на овластен Ревизор за ревизија на годишната сметка и финансискиот извештај за 2021 година.

Право на учество во работата и одлучувањето на собрание на акционери имаат сите акционери кои се евидентирани во Акционерската книга, односно со полномошно заверено кај Нотар.

Акционерите или нивните полнимошници се должни своето учество да го пријават најкасно пред почетокот на седницата на собранието.

Материјалите за работа на Собрание на акционери се достапни на официјалната интернет страница на Герас Цунев Трговија а.д. Струмица и во просториите на друштвото десет дена пред одржувањето на Собранието на акционери на ул. Гоце Делчев бр. 50 од 11-13 часот.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА А.Д.
СТРУМИЦА